# С О О П Ш Т Е Н И Е З А У П И С НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 И ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година и заверката на летниот семестар од учебната 2019/2020 година ќе се врши во периодот од:

**23.09.2020 година до 02.10.2020 година**
**(преку шалтерите на студентската служба)**
**во периодот од 11,00 - 14,00 часот**

**Пријавувањето по електронски пат е задолжително за сите студенти и ќе биде достапно до 02.10.2020 година**

По овој рок online пријавувањето ќе биде оневозможено и студентите запишувањето на семестарот ќе можат да го извршат со казна во висина од 500 ден. (со молба за задоцнето запишување **најдоцна до 16.10.2020** година).

**Пред доставувањето на документите во Студентската сужба, студентите се должни во IKnow системот да пополнат анонимна електронска анкета за прослушаните предмети во летниот семестар од учебната 2019/2020 година.**

Запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година и заверката на летниот семестар од учебната 2019/2020 година ќе се врши на следниот начин:

**1. Задолжително Резервирање термин пред доставување на документите.**

Закажување на термин за запишување ќе се врши електронски на линк: https://www.mf.ukim.edu.mk/rednacekanje каде секој студент задолжително треба да се пријави, да добие термин во листата за чекање помеѓу 11,00 и 14,00 часот во наведените денови како и реден број и линк за редот за запишување.

Комплетните документи студентот ги доставува на шалтерите на Одделението за студентски прашања во резервираниот термин.

На шалтер нема да бидат примени некомплетни документи.

**Потребни документи за запишување и заверка на семестар:**

**1. ИНДЕКС**

**2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР (А3)** (се запишуваат предметите кои се пријавуваат за слушање во зимскиот семестар во учебната **2020/2021**).

**3. СТАТИСТИЧКА ЛИСТА (Образец ВОИ.20)** за учебна **2020/2021**.

**4. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР (А4)** (се запишуваат предметите кои се слушале во летниот семестар од учебната **2019/2020**).

**Напомена: Зажително е предметниот наставник да додели во Iknow системот, дека студентот добива потпис.**

**5. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)**, во корист на Машински факултет на **СМЕТКА 100000000063095, ЕДИНКА КОРИСНИК 1600104278 788 11, ПРИХОДНА ШИФРА 723012 41 и НАЧИН 2.**

- студентите кои се запишани во државна квота (со надоместок за студирање во висина од 200 eur) треба да уплатат **6 150** ден., со цел на дознака - прва рата од партиципација,
- студентите кои се запишани со надоместок за кофинансирање на студиите (во висина од 400 eur), треба да уплатат **12 300** ден., со цел на дознака - прва рата од школарина.

**6. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)** за уплатени **450** ден., со цел на дознака - тетратки и книжен фонд, во корист на Машински факултет на **СМЕТКА 100000000063095, ЕДИНКА КОРИСНИК 1600104278 788 11, ПРИХОДНА ШИФРА 723019 41 и НАЧИН 2.**

**7. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)** за уплатени **750** ден. - за информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со назнака ИКСА на УКИМ за Машински факултет Скопје, **на СМЕТКА 160010368978818, депонент - НБРМ, со трезорска сметка 100000000063095, повикување на број 723012, програма 41.**

Студентите се должни да се најават на страницата на iknow системот, линк: http//www.iknow.ukim.edu.mk и по електронски пат да ги пријават предметите кои ќе ги слушаат во зимскиот семестар во учебната 2020 /2021. (неположените предмети од претходниот зимски и предметите од тековниот зимски семестар).

Студентите се должни да ги впишат во својот индекс насловите на пријавените предмети и бројот на (ЕКТС) кредити за секој предмет поединечно (на страната каде ќе го запишат зимскиот семестар во учебната 2020 /2021).

Студентите кои имаат 200 кредити на четиригодишните студии или 140 кредити на тригодишните студии имаат право да запишат и дипломска работа. За таа цел треба да пополнат образец Избор на тема за дипломска работа (ОБ 8.2/12) и да го приложат заедно со другите документи.

Студентите кои заклучно со августовско-септемврискaта испитна сесија не ги положиле испитите од зимскиот семестар од претходната учебна година, должни се истите да ги презапишат и да извршат дополнителна уплата:

1. Во висина од **20** eur (во денарска противвредност) за секој **првпат** презапишан предмет .

2. Во висина од **50** eur (во денарска противвредност) за секој **вторпат, третпат и повеќе пати** презапишан предмет .

Уплатата за презапишани предмети се врши на образец пп 50 , со цел на дознака - за презапишани предмети (Плаќањето за повеќе презапишани предмети може да се изврши на една уплатница) на следниот начин:

Назив на примачот: Буџет на РМ, Машински факултет - Скопје
Банка на примачот: НБРМ
Сметка: **100 0000000630 95**
Износ:
Сметка на буџетски корисник: **1600104278 788 11**
Приходна шифра: **723012 41** начин: **2**

**За секое задоцнето запишување на семестар, студентите се должни да уплатат казна во висина од 500 денари , согласно одлуката бр.02-2331/1 од 16.09.2005 г. донесена врз основа на ценовникот за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите, (донесен од советот за развој и финансирање на високото образование).**

Скопје 22.09.2020 година

Машински факултет - Скопје